ЗЕМЈОДЕЛСКИ КОМБИНАТ
"ПЕЛАГОНИЈА"
АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
БР. 02-252
13.02. 2020 ГОД.
БИТОЛА

Врз основа на член 393 став 2 од Законот за трговските друштва,

**ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ КОМБИНАТ ПЕЛАГОНИЈА**
**акционерско друштво Битола**

**О Б Ј А В У В А**
**ПРЕЗАКАЖУВАЊЕ**
**НА СВИКАНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво – Битола**

Собранието на акционери на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво – Битола кое беше закажано за ден 13.02.2020 година (четврток), со почеток во 12,00 часот во просториите на Друштвото во Новаци (Новачки пат), **заради немање кворум за работа**

**СЕ ПРЕЗАКАЖУВА**
**За ден 26.02.2020 година (среда), со почеток во 12,00 часот во просториите на Друштвото во Новаци (Новачки пат),**

На презакажаното Собрание на акционери на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво – Битола за ден 26.02.2020 година (среда), со почеток во 12,00 часот во просториите на Друштвото во Новаци (Новачки пат), согласно член 393 став 5 од Законот за трговските друштва, ќе се одлучува само по прашањата утврдени во дневниот ред за првото свикување на собранието на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво – Битола кое беше свикано за ден 13.02.2020 година (четврток**),** односно ќе се одлучува по следниот на

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

**I. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**

**1.** Отворање на Собранието на акционери
**2.** Констатирање кворум за работа на Собранието на акционери
**3.** Избор на работни тела
**3.1**.Избор на претседавач на Собранието на акционери
**3.2.** Избор на два бројачи на гласови

**II. РАБОТЕН ДЕЛ**

**- Усвојување на Записникот од седницата на собранието на акционери на ЗК Пелагонија ад Битола одржана на ден 01.07.2019 година**.

**1. Донесување одлука за одобрување на голема зделка како зделка со заинтересирана страна - продажба на удел од страна на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола како продавач, кој претставува 100% од основната главнина на Трговското друштво за производство на електрична енергија ПЕЛАГОНИЈА ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Логоварди Битола и е со номинална вредност од 413.913.100,00 денари, на купувачот ТИОР ЕООД со седиште во Софија, Област Софија, Општина Столична, Реон р-н Изгрев. ж.к. – Фредерик Жолио Кири бр.2, бл.-, вх.-, ет.6, ап.9 со матичен број 205706730 - Република Бугарија, со**
- Предлог – одлука за усвојување.

**2. Донесување одлука за откуп на сопствени акции, со**
- Предлог – одлука за усвојување.

**3. Донесување одлука за констатирање престанок на членството и мандатот на член на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво – Битола, заради поднесена оставка, со**

- Предлог одлука за усвојување.

**4. Донесување одлука за избор на член на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво – Битола, со**

- Предлог одлука за усвојување.

Се повикуваат акционерите на ЗК "Пелагонија" АД Битола, односно нивни полномошници да присуствуваат и учествуваат во работата на презакаганото собрание на акционери.

Право на учество и глас на презакажаното собранието имаат акционери кои поседуваат акции со право на глас запишани во акционерската книга на ЗК "Пелагонија" АД – Битола што се води во ЦДХВ, односно нивни полномошници.

Акционер може да овласти со полномошно друго лице како свој полномошник на седницата на презакажаното собрание на Друштвото, коешто ќе учествува и ќе гласа на седницата на презакажаното собрание во негово име. Акционерот треба веднаш писмено или електронски да го извести Друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма. Податоците за начинот на известувања за полномошна и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на интернет страницата на Друштвото www.zkpelagonija.mk. Акционерот кој нема да го извести Друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Полномошник кој примал полномошна од повеќе акционери должен е во рок од 5 (пет) работни дена пред одржувањето на Собранието на акционери, да ја извести Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за намерата и причините за давањето плномошна од повеќе акционери (член 5 ставови 8 и 9 од Законот за пеземање на акционерските друштва). Пример на Известување до Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија достапен на интернет страницата на Друштвото www.zkpelagonija.mk.

Презакажаното собрание ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговските друштва.

Записникот од седницата на собранието на Друштвото ќе го води нотар.

Материјалите со ревидираниот дневен ред со Барањето од акционерите ОРКА ХОЛДИНГ АД Скопје и Цветан Панделески за дополнување на дневниот ред со предлог одлуките по новите точки од дневниот ред што се подготвени за собранието, во хартиена форма им се достапни на акционерите, односно нивните полномошници секој работен ден од денот на објавувањето на презакажаното собрание во простории на Друштвото Новаци - Новачки пат од 9 до 14 часот, а истите им се достапни на акционерите, односно нивните полномошници и на интернет страницата на Друштвото www.zkpelagonija.mk, како и на веб страната на Македонската берза на хартии од вредност ад Скопје.

**ЗК "ПЕЛАГОНИЈА" ад – БИТОЛА**

ЗЕМЈОДЕЛСКИ КОМБИНАТ "ПЕЛАГОНИЈА" БИТОЛА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО 4